СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-36/5
06.03.2025 год.-viti

# Интерна процедура за спроведување на набавки до 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ за стоки или улуги во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

## 1. Општи одредби

1.1. Со оваа процедура се уредува спроведувањето на набавките до 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ за стоки или услуги за потребите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

1.2. Примената на оваа процедура задолжително се однесува на набавка со проценета вредност над 450 евра во денарска противвредност без ДДВ за стоки или услуги за потребите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

## 2. Реализација на потребата од набавка

2.1. Раководителот или вработенитот во организациноната единица во стручната служба на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ која има потреба од набавка, поднесува Барање за набавка (*Прилог 1*).

2.2. Барањата за набавка се поднесува писмено до претседателот на Советот и лицето овластено за вршење на набавки, и задолжително содржи:
- архивски број и датум на поднесувањето,
- итност на барањето,
- образложение на потребата,
- проценетата вредност на набавката без ДДВ, процент и износ на ДДВ,
- Начин на плаќање.

2.3. Во рок од 2 (дена) дена од приемот на Барањето за реализација на набавката, Претседателот формира комисија од најмалку 3 членови за истражување на пазар и спроведување на набавката, во која задолжително членуваат вработени во стручната служба на Советот.

2.4. Комисјата од точка 2.3, во рок од 3 (три) работни денови, прибира понуди за предметот на набавка и писмено доставува Извештај за спроведена постапка (*Прилог 2*) до Претседателот со предлог за избор на најповолна понуда.

2.5. Бројот на понудите не смее да биде помал од 3 (три), со цел да се задржи начелото на транспарентност и ненарушување на конкуренцијата.

2.6 Во исклучителни случаи, кога предметот на набавка е специфичен и не може да се даде точен опис и спецификација, или истиот е дефицитарен на пазарот кој се истражува, комисијата треба да достави најмалку една понуда која содржи паричен износ и доказ дека е побарана понуда од уште најмалку три компании кои писмено или преку меил се изјасниле дека не го продаваат предметот на набавка за кого понуда побарал Советот.

2.7. Специфичноста или дефицитарноста од точка 2.6, ја утврдува и писмено ја образложува комисијата.

2.8. Врз основа на спроведеното истражување на пазар, Комисијата од точка 2.3, до Претседателот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ доставува Извештај за спроведена постапка која задолжително содржи:
- предмет на набавка и за која потреба се спроведеува,
- образложение доколку се работи за набавка на специфична или дефицитарна стока/услуга,
-број на прситигнати понуди во писмена форма, кои се дел од извештајот за спроведена постапка, и
- предлог од комисијата за избор на најповолна понуда.

2.9. Кога потребата од набавка ја согледува Претседателот, постапката започнува со формирање на Комисија за истражување на пазар и спроведување на набавката.

3. **Извршување на набавката**

3.1. Врз основа на доставениот Извештај за спроведена постапка, Претседателот на Советот, донесува Одлука за избор на најповолна понуда, и ја задолжува Комисијата од точка 2.3 да ја реализира набавката.

4. Оваа Процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

**В.д. Претседател на Советот,**
**Филип Василески**

*Прилог 1*

Архивски
број: ___________

До:
Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија
Лице овластено за спроведување на набавки

**Барање за спроведување на набавка**

1. Организационата единица _____________ при Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ, има потреба од набавка на ______________________________________________________.

2. Набавката (е од итен карактер)/(не е од итен карактер), односно треба да се разлицира во месец __________/_________ година.

3. Образложение на потребата и итноста:
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
________________________________________________________
_________________________________________________.

4. Проценетата вредност на набавката без ДДВ изнесува __________ денари, процентот и износот на ДДВ __________денари.

5. Начинот на плаќање ќе биде ____________________________________.

Организациона единица

____________________

*Прилог 2*

Архивски
број:________________

До: Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија

**Извештај за спроведен постапка за набавка**

Барање со број ________________ од ___________ година

Одлука за формирање Комисија со број ______________ од _____________ година

1. Предмет на набавката

______________________________________________________________________

2. Образложение за дефицитарност или специфичност на предметот на набавка:

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

3. Број на пристигнати понуди и нивна вредност:

-__________________________________ - _____________________________
(назив на понудувач) ( вредност на понудата со ДДВ)

-__________________________________ - _____________________________
(назив на понудувач) ( вредност на понудата со ДДВ)

-__________________________________ - _____________________________
(назив на понудувач) ( вредност на понудата со ДДВ)

-__________________________________ - _____________________________
(назив на понудувач) ( вредност на понудата со ДДВ)

4. Предлог за избор на најповолна понуда:

*проpратната документација и понудите се составен дел од овој Извештај*

**Комисија:**

1.
2.
3.